**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5235 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во петтиот десетдневен период, од 12 до 21 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите во продукција на ТВ Сонце емитувано од 18 часот, опфати 10 изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 2 часа 9 минути и 20 секунди информативни жанрови.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Сонце | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:09:05 | 7,02 | % |
| СДСМ | 00:05:02 | 3,89 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:55 | 8,44 | % |
| Демократски сојуз | 00:02:27 | 1,89 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:11:49 | 9,14 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:26 | 1,11 | % |
| Влада на РМ | 00:22:03 | 17,05 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:35 | 7,41 | % |
| Други субјекти | 00:13:15 | 10,24 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:54 | 2,24 | % |
| Без субјекти | 00:11:30 | 8,89 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:53 | 0,68 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:55 | 2,26 | % |
| Специјално обвинителство | 00:06:56 | 5,36 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:14 | 3,27 | % |
| Судство | 00:02:46 | 2,14 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:20 | 0,26 | % |
| Македонска алијанса | 00:07:59 | 6,17 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:01:04 | 0,82 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:01:06 | 0,85 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:06 | 0,85 | % |
| | **Вкупно: 02:09:20** | **100** | % |

Најмногу време во вестите е одвоено за субјектите методолошки кодирани во категориите *„Влада на РМ", „други субјекти" и* „Органи на државната управа/јавни претпријатија". Владата на Република Македонија е застапена со 22 минути и 3 секунди, преку следниве теми: „Одлука за испраќање војници во мировните операции во Авганистан"; „Средба Јолевски-Стропницки: Македонија има важна улога во решавањето на мигрантската криза"; „Конкурс за школување во воената академија Вест Поинт во САД"; „Владин тим во Брисел го претстави напредокот на Македонија пред издавањето на извештајот на ЕУ": „Министрите Поповски, Спасовски и Јолевски – членството во ЕУ и НАТО нема алтернатива"; „Изјава на министерот Арбер Адеми – Специјализирани сертификати за 180 државни службеници за завршена обука во рамки на проектот Одржлив систем за ЕУ обуки финансиран од Кралството Норвешка; „Две банки и две штедилници се приклучија кон земјоделскиот гарантен фонд"; „КПУ Идризово и МВР со кривична пријава против надзорник за недозволена трговија со дрога"; „Изјава на премиерот Емил Димитриев – реформи за подобар безбедносен систем; делегација предводена од Министерот за одбрана Зоран Јолевски во Рим учествуваше на состанокот на министрите за одбрана на земјите од СЕЛМ; „На аукција на државни хартии од вредност, министерството за финансии ќе се задолжи 31 милион евра"; „Изјава на министерката Елизабета Канческа Милевска – се што кажа обвинителката Фетаи е рекла казала и трач муабети"; „Средба Поповски – Штајнмаер во Берлин"; „Изјава на Никола Тодоров – Македонија ќе добие нов клинички центар"; „АРМ кај браната Паљурци спречи обид за криумчарење мигранти"; „Средба на премиерот Емил Димитриев со Министерот за економија на Словенија" и др.

Во овој извештаен период категоријата *„други субјекти"* е застапена со 13 минути и 15 секунди. Во нејзе се кодирани изјавите и активностите на: Поликлиника Медика Истанбул, ДКСК, МПЦ, МНТ, Кинотека

Скопје, Фестивалот Филиграни, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот и патиштата, НБРМ, Технома Техноинвест, АААВМУ, Сојузот на стопански комори, Францускиот институт и др.

Како третозастапена во вестите е групата Органи на државната управа/јавни претпријатија која е застапена со 11 минути и 49 секунди, преку активностите на: УЈП; ФЗОМ; МОБ; Државниот завод за статистика; Управата за хидрометеоролошки работи; КПУ Идризово; Археолошкиот музеј на Македонија; АД МЕПСО; Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија; Музејот на град Скопје и др.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за ВМРО ДПМНЕ (10 минути и 55 секунди), Македонска Алијанса (7 минути и 59 секунди) и СДСМ (5 минути и 2 секунди). Покрај нив, како субјекти во вести, иако со мал процент, се појавуваат уште пет политички партии (ДС, ДУИ, ДПА, ОМ и ВМРО НП).

Прилозите во анализираниот период се најчесто кратки и фактографски, со најважните информации за актуелните општествено-политички теми.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Сонце | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:02:00 | 7,28 | % |
| Други субјекти | 00:03:03 | 11,10 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:07 | 22,26 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:31 | 9,16 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:24 | 1,46 | % |
| Влада на РМ | 00:07:37 | 27,71 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:17 | 4,67 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:59 | 3,58 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:10 | 4,24 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:31 | 1,88 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:47 | 2,85 | % |
| Судство | 00:01:03 | 3,82 | % |
| | **Вкупно: 00:27:29** | **100** | **%** |

Најмногу директни обраќања се регистрирани за субјектите кодирани како *Влада на РМ* (7 минути и 37 секунди), потоа за политичката партија *ВМРО ДПМНЕ* (6 минути и 7 секунди) и *други субјекти* (3 минути и 3 секунди).

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Други информативни програми</u>*

Во анализираниот период се емитувани две репризни изданија и едно премиерно на емисијата „Гласот на народот", една репризна дебатна емисија и едно интервју во „Паричник", едно репризно издание на дебатната емисија „Врел Костен" и две премиерни интервјуа во „Избор на народот".

*<u>„Гласот на народот"</u>*

Двапати на 12 октомври и еднаш на 19 октомври 2016 година, беше емитувано репризното издание на емисијата *Гласот на народот,* во која гостин беше Томе Аџиев – Комисија за верификација на фактите. Темата беше: Замреа ли времињата на кодошењето во Македонија?

На 16 и 17 октомври 2016 година, беше емитувано репризното издание на емисијата *Гласот на народот*, во која гостин беше Сотир Костов, најавен како експерт, поранешен јавен обвинител, аналитичар, претседател на Комитетот за истраги на воздухопловни несреќи. Водителот посочува дека биле поканети вработени лица во МВР кои биле битни во политичкиот свет, но истите не одговориле на поканата. Темите беа: „Изборите се ближат", „атентати", „пандорини кутии", „атентатот на поранешниот претседател Киро Глигоров", „авионската несреќа во која загина поранешниот претседател Борис Трајковски".

На 17 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 22 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата *Гласот на народот*, во која гости беа: Љубиша Ѓорѓиевски, поранешен претседател на Собранието на РМ и амбасадор и Виолета Ташковска, професор и историчар. Темата беше: За историјата на Македонија од нејзината независност до денес, историјата како употреба или злоупотреба. Репризни изданија бележиме на 18 и 19 октомври 2016 година.

*„Паричник"*

На 13 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот, се емитуваше репризното издание на емисијата *Паричник*. Емисијата е реализирана преку две одвоени интервјуа. Тема беше: Буџетот на РМ од здравствената сфера. Во првиот дел гостин беше доктор Лидија Чолакова Дервишова, претседател на Здружението на приватни лекари и се разговараше за состојбите во примарното здравство. Вториот дел беше интервју со Андреј Сених, граѓанска платформа за ХИВ, а темата беше: Превенција за заштита од ХИВ, кратење на средствата за превенција и лекување.

На 14 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 2 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата *Паричник*. Емисијата е реализирана во два дела со две посебни теми. Првиот дел е реализиран како интервју, во кое гостин беше Ристо Ајтов, претседател на синдикатот на одбраната и безбедноста, а се разговараше за состојбите во АРМ по усвојувањето на предлогот на Владата од страна на Собранието за продолжување на кризната ситуација на границите. Вториот дел е реализиран како дебатна емисија, која беше на тема: Маките на граѓаните со извршителите, а гости беа: Ана Глигорова, здружение „НО Пасаран" и Маријан Ристевски, претседател на КСОМ. Две репризни изданија има на 16 и по едно репризно на 18 и 20 октомври 2016 година.

*„Врел костен"*

На 14 октомври 2016 година, беше емитувано репризното издание на емисијата *Врел костен* во која гости беа Симонида Кацарска - Институт за европски политики, Миша Поповиќ - Институт за демократија, Златко Димитриоски - МОСТ и Андреја Стојковски – МЦЕО. Темата беше: Реформи и избори.

*„Избор на народот"*

На 12 и 16 октомври 2016 година, со почеток во 3 часот и 31 минута, емитувано е репризното издание на емисијата *Избор на народот* во која гостин беше Андреа Стојковски, МЦЕО. Теми беа: Изборите во САД и Македонија и посетата на еврокомесарот Јоханес Хан.

На 20 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот и 1 минута, емитувано е премиерното издание на емисијата *Избор на народот* во која гостин беше Стефан Богоев, претседател на унија на млади сили на СДСМ. Водителот потенцира дека во емисијата како гостин поканет бил и Владимир Неловски, унија на млади сили ВМРО ДПМНЕ, но од оправдани причини истиот го откажал гостувањето. Темата беше: Решенија и проблеми на младите, младинската политика. Репризното издание беше на 21 октомври 2016 година.

***Сектор за програмски работи***